# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 декември 2000 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници ја отворам Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љупчо Анушев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата,

Присутни се 79 пратеници , но копчиња притиснале 56 пратеници.

Молам, службите да пребројат колку има присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето).

На седницата присуствуваат 78 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република

Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница на Собранието ја свикав по барале на координаторите на пратеничките групи на СДСМ, ДА и ВМРО-ВИСТИНСКА Македонска Реформска опција заради разгледување на информација за досегашните активности за продажба на Македонски Телекомуникации и идните намери на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 78 пратеници, 69 гласале.

50 пратеници се за овој предлог, 4 се воздржале, 15 гласале против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен. Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 80 пратеници, 72 пратеници гласале.

50 пратеници гласале за, 4 се воздржале , 18 пратеници гласале против.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на дневниот ред.

Процедурално сака да интервенира пратеничката Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека на мониторот имаме веќе 80 пратеници. Пред малку ја сфативме играта на СДСМ која е во недоглед веќе две недели, прават опструкција на Парламентот. Но, еве, да ја утешиме македонската јавност, јас би сакала да дадам еден предлог, и да гласаме се разбира за него. Имено, да се вратиме на 56-тата седница, бидејќи имаме 80 пратеници и зошто да не го гласаме Законот за одбрана, се разбира со добра волја на СДСМ, а потоа можеме да преминеме на седницата која следува. Но, бидејќи е по нивно барање разгледувањето на продажбата на телеком, ние 6и сакале да бидеме тука, желни сме за таква работа, тука е и министерот за транспорт и врски. Според тоа, би сакала доколку е можно сепак да се вратиме на претходната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Должен сум да објаснам една работа.

Пратениците можат да предлагаат точки на дневен ред, кога расправаме за дневниот ред. Кога ќе го утврдиме дневниот ред, можат да предлагаат и Собранието да гласа за редоследот на точките од дневниот ред. Но. закажување на седница, прекинување на седница, закажување на продолжение на седница е исклучива надлежност на претседателот на Собранието. Нема за тоа гласање. Деловнички не може тоа така.

Продолжуваме со работа.

Збор бара г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе,

Пратеничката група на СДСМ апсолутно е прифатливо да се прекине за момент оваа седница и да се вратиме на 56-тата седница, на точката на која застана Собранието, па после да се вратиме на 63-тата седница. Тоа е за нас многу прифатливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За вас е прифатливо, меѓутоа јас кога го закажувам.

Мора да постои ред во Собранието. нагодби за тоа која седница, како, тоа е невозможно. За тоа ќе си одиме така како што го пропишал Уставот и Деловникот.

Продолжуваме понатаму.

Минуваме на точката - Информација за досегашните активности за продажба на Македонски телекомуникации и идните намери на Владата на Република Македонија.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Процедурално се јавува г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Од името на нашата пратеничка група барам пауза од 10 минути и барам поддршка од 10 пратеници.

Имаме нешто да се договараме околу седницата што ја прекинавте

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14 часот).

Во салата имаме 62 присутни пратеници.

Според тоа можеме да работиме.

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на дневниот ред:

- Информација за досегашните активности за продажба на Македонски телекомуникации и идните намери на Владата на Република Македонија.

Отворам претрес.

Има збор министерот Љупчо Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Почитуван г. претседателе на Парламентот, почитуван г. премиер на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници, дами и господа.

Би сакал најнапред да ве поздравам, да ви се заблагодарам што оваа точка ја ставивте на дневен ред, тоа се однесува на опозицијата, затоа што и ние сакавме да дојде до овој дневен ред.

Како министер за транспорт и врски на Република Македонија, најодговорно ве известувам дека Владата на Република Македонија успеа да дојде до финализација на процесот на приватизацијата на македонскиот телеком.

Како што веќе јавноста е информирана, Владата на својата наредна седница по препорака од Комисијата за приватизација на Телекомот треба д а одлучи кој од двајцата меѓународни понудувачи кои доставија финални понуди, ќе стане сопственик на 51% од акциите на македонските телекомуникации, конзорциумот предводен од унгарскиот телеком МАТАВ кој е во доминантна сопственост, 60% на Дојче Телеком, вклучувајќи ги и Cosmo Telco (подружница на Interamerican Group) и SEEF, тоа е дел од Soros Group со поддршка од OPIC, агенција на Владата на САД), или од страна на Грчкиот национален телекомуникациски оператор ОТЕ.

Владата на Република Македонија јас како министер сме наполно свесни дека приватизацијата на македонскиот телеком е прашање од извонредно значење како за надворешниот углед, рејтинг и имиџ на нашата држава во светот, така и за градењето доверба во процесот на приватизацијата кај нашите граѓани и кај политичките субјекти преку обезбедувањето транспарентност, објективност и отвореност на процесот, а подоцна и преку постигнување на поголема ефикасност на приватизираната компанија.

Пред вас пратениците на македонското Собрание, како и пред граѓаните на Република Македонија, должен сум да разјаснам неколку прашања и дилеми кои беа наметнати во јавноста и го следеа процесот на приватизација на Македонските Телекомуникации, од почеток па се до неговиот крај.

Веројатно најважно од сите нив е прашањето зошто ги приватизираме Македонските телекомуникации?

Основна причина е што Владите ширум светот, вклучувајќи ја и нашата Влада, сфатија дека приватизацијата претставува неопходен тренд кој им овозможува на компаниите, посебно во Секторот на телекомуникации да бидат управувани и да работат на ефикасен и

ефективен начин. Покрај тоа приватизацијата на телкуникациските компании им овозможува на истите да ја обезбедуваат многу потребната телекомуникациска и технолошка инфраструктура која претставува апсолутна и витална потреба за секоја земја која преминува во новиот милениум.

Приватизацијата на телекомуникациите е процес во целиот свет, а особено во земјите од Источна Европа, каде што се спроведува приватизација и продажба на националните телекомуникациски компании. Во изминатиот период тоа го направија речиси сите земји од овој дел на Европа: Хрватска, Србија, Унгарија, Словачка, Чешка, Полска, Литванија, Латвија, а некој од нив влегоа во приватизација со над 50% од сопственоста.

Со приватизацијата на македонските телекомуникации РМ го постигнува досега најголемиот влез на директни странски инвестиции во економијата, од чии ефекти корист ќе имаат сите граѓани на нашата земја.

Почитувани пратеници. Сакам да го нагласам она што сите ние добро го знаеме. Имено процесот на приватизацијата на македонски телекомуникации го започна минатата владејачка коалиција предводена од СДСМ уште во текот на 1997 година. Минатата Влада распиша меѓународен конкурс за избор на советник за приватизација на македонски телекомуникации, во кој учествуваа повеќе еминентни консултански компании и го изврши тој избор, со што Меѓународната инвестициона банка (Kanadian imperijal bank of Komers) стана советник на Владата на Република Македонија за приватизација на Телекомот.

Во текот на април 1998 година беше донесен и Закон за телекомуникации, токму во функција на отпочнување на приватизацијата на Македонски телекомуникации.

Активностите што ги презеде Владата на Црвенковски за приватизација на Македонски телекомуникации и прелиминарните преговори со евентуалните заинтересирани купувачи покажаа дека таа не успеа да заинтересира повеќе потенцијални стратешки инвеститори. Имено, само грчкиот ОТЕ покажа интерес за купување на Македонски телекомуникации, поради што приватизацијата беше одложена.

Поранешната Влада зеде 50 милиони долари заем од Меѓународната Финансиска Корпорација ИФЦ и Холандската Банка ИНГ. Факт е дека оваа т.н. претприватизација претставуваше прв чекор во приватизација на Македонските телекомуникации. Суштината на оваа трансакција беше издавање на конвертибилни обврзници на веќе споменатите ИФЦ и ИНГ, каде што еден од условите на трансакцијата беше дека овие конвертибилни обврзници ќе се конвертираат во акции, при приватизацијата на македонски телекомуникации, која што според договорот на ИФЦ мораше да се случи најдоцна до 15 јуни 2000 година. Доколку не се случеше приватизацијата конвертибилните обврзници стануваат обичен долг кој што мора да се отплати од страна на Македонски телекомуникации. Значи ова е доказ дека Владата на СДСМ навистина планираше да ги приватизира Македонски телекомуникации.

Покрај тоа, намерата на претходната Влада да го приватизира Телекомот, е поткрепено со фактот дека во Договорот со ММФ за ЕСАФ аранжманот од јуни 1998 година, член 20 од Договорот, потпишан од тогашниот министер за финансии Таки Фити, еден од основните услови на аранжманот беше токму приватизацијата на Македонскиот телеком. Сакам да кажам дека Владата на СДСМ не ја постигна приватизацијата, но факт е дека таа сакаше да спроведе приватизација. Според тоа почитувани пратеници ниту за минатата власт воопшто не беше спорно дали треба да се приватизира Македонските телекомуникации или не.

Она што го направи и што го прави актуелната Влада, претставува продолжување на веќе отпочинатиот процес на приватизација на Македонски телекомуникации, со ист меѓународен советник, според важечките законски прописи и меѓународниот признат процес.

При крајот на минатата година Владата на РМ донесе одлука да се продолжи со веќе отпочинатиот процес на приватизација на Македонски телекомуникации. На почетокот од 2000-та година, Министерството за транспорт и врски и Македонските телекомуникации започнаа со прелиминарни подготовки, вклучувајќи подготовка на претквалификационите документи, Информативниот меморандум, како и контактирање и посета на голем број на реномирани телекомуникациски компании.

Во март оваа година Владата донесе одлука за продажба на 51% на АД

Македонски телекомуникации по пат на меѓународен тендер. Исто така во март оваа година Македонски телекомуникации успеа да го одложи рокот за евентуалната отплата на долгот кон ИФЦ и ИНГ, а кој што произлегува од Договорот потпишан во време на Владата на СДСМ, до 15 декември 2000 година.

На 3 мај во меѓународниот издание на "Financijal Times" и во домашните гласила Владата објави покана за изразување на интерес за процесот на приватизација на АД "Македонски телекомуникации". Во оваа покана интерес покажаа 6 потенцијални стратешки инвеститори кои што во текот на јули извршија детална анализа на Македонски телекомуникации.

По извршената анализа на 16 октомври оваа година МАТАВ, Телеком-Словенија и ОТЕ доставија прелиминарни понуди кои што беа составени и од финансиска и од техничка понуда. Бидејќи сите 3 понудувачи ги исполнуваа однапред утврдените критериуми сите 3 беа поканети да учествуваат и во финалниот тендер.

По втората детална анализа на Македонски телекомуникации беа доставени и финални понуди од страна на ОТЕ и Конзорциумот предводен од МАТАВ, со чии детали веќе е запознаена јавноста.

Значи оваа Влада успеа со приватизација на Телекомот да заинтересира повеќе реномирани странски комуникациски компании, од кои две доставија финални обврзувачки понуди.

Веднаш се поставува прашањето зошто во процесот на приватизација одиме со продажба на 51% од акциите на Македонски телекомуникации?

Почнувајќи го процесот минатата Влада се заложи за продажба за најмалку 33% од акциите на Македонски телекомуникации. Поканата за претприватизација беше исто така објавена со Фајненшл Тајмс во март 1998 година. Но, притоа Владата на СДСМ никогаш точно не прецизираше колкава процент од компанијата ќе приватизира. Впрочем во член 20 од ЕСАФ аранжманот, како што спомнав, потпишан од министерот Фити во јуни 1998 година, Владата на СДСМ се обврза да продаде минимум 35% од акциите на Телеком. Значи Владата на СДСМ никогаш не ја прецизираше горната граница за акции што е спремна да ги продаде, што практично може да се сведе на тоа дека овој процент може да изнесува и 100%.

Од друга страна од потенцијалниот стратешки инвеститор, актуелната Влада бара да исполни услови и поставува определени барања во врска со идното раководење на Македонски телекомуникации, како што се проширување на мрежата, подобрување на квалитетот на телекомуникациските услуги, воведување нови услови, редовно имплементирање на најмодерната високо квалитетна технологија, што во секој бара огромни финансиски вложувања. Притоа, нормално е секој од кого барате да ги исполни наведените услови да инсистира на управувачкиот пакет на акции на компанијата.

Сакам овде да го потенцирам и фактот дури и во евентуалната продажба на минимум 33% од акциите на Македонските телекомуникации, Владата на Црвенковски предвидуваше стратешкиот инвеститор да добие целосна оперативна финансиска и менаџерска контрола над компанијата.

И конечно да го илустрирам сето ова со еден пример од нашето окружување. Имено, Унгарската Влада во 1993 година, најпрвин приватизираше 33% од акциите на МАТАВ, со цена од 965 милион американски долари. По повеќе од 2 години кога компанијата почна да остварува поголеми профити, Владата на Унгарија одлучи да ги продаде и дополнителните 35% од Телеком компанијата, но за овој поголем дел од сопственоста доби речиси 100 милиони долари помалку, односно 875 милиони и 9 долари. Во таа смисла препораките на комуникациските експерти одат во насока дека поради глобализацијата на телекомуникацискиот бизнис во иднина се повеќе паѓа вредноста на акциите на националните телеком-компании, поради што е неопходно приватизацијата да заврши во покус рок, за да се добие што поголема цена.

Почитувани пратеници,

Едно од најексплоатираните прашања е монополот на Македонски телекомуникации, односно периодот на ексклузивните што го добива идниот стратешки инвеститор.

Како што е познато, ќе напоменам дека Владата на СДСМ во април 1998 година донесе закон според кој на потенцијалниот стратешки инвеститор му се овозможуваше монопол од 8 години. Ние тој период го скративме на половина. Сега ексклузивитетот на стратешкиот инвеститор изнесува 4 години.

Истиот ака факт е дека и другите земји од регионот пред да се приватизира нивното национален телекомуникациски

оператор, гарантира монопол, како на пример Унгарија во траење од 8 години и Чешка во траење од 6 години.

Бидејќи во јавноста многу се манипулира со прашањето зошто воопшто се дава период на ексклузивитет, сакам да нагласам и некои други факти: Оваа Влада оцени дека периодот на ексклузивитет до крајот на 2004 година е неопходен од следните причини.

Познато е дека цените во локалниот телекомуникациски сообраќај во Македонија се на најниско ниво во Европа, а од друга страна тарифите во меѓународниот телефонски сообраќај се меѓу највисоките. Токму затоа е потребен период од 4 години. За тоа време стратешкиот инвеститор треба да изврши постапно прилагодување на тарифите според меѓународните стандарди, регулирани од страна на управата за телекомуникации, со што не постои можност за драстично и енормно зголемување на цените. Доколку не би постоел период на ексклузивитет, се соочуваме со опасноста цените на телефонските услуги вртоглаво да пораснат. Како и да е периодот на телефонските услуги и ексклузивитетот се однесува само за една од услугите а тоа фиксната телефонија, а не во мобилната телефонија, посебно не во интернет услугите, во дата-преносот, каде што монополот воопшто и не постои.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ**:(продолжение)

Почитувани пратеници во последно време најмногу се шпекулираше околу прашањето за транспарентноста на процесот на приватизацијата на македонските телекомуникации, при што се слушаат најразлични не аргументирани и недокументирани обвинувања до македонската Влада. Ве уверувам како министер за транспорт и врски дека приватизацијата на Македонските телекомуникации е сигурно најотворениот, најобјективниот и најтранспарентниот процес на приватизација што се извршил досега во Република Македонија. Најпрвин беше распишан меѓународен тендер, кој како што споменав беше објавен во еминентниот Фајненшл Тајмс", со јасно определени услови и критериуми за конкурирање откако на тендерот се јавија шест заинтересирани понудувачи (ОТЕ, МАТАВ, Телеком Словенија, Дебител, Вивенди и Турксел), сите беа запознаат со критериумите за евалуација на нивните понуди и тие однапред ги прифатија. Во текот на деталната анализа на компанијата сите имаа апсолутно еднаков третман, за што изразија нескриено задоволство. Исто така, морам да нагласам дека во прилог на транспарентноста на овој процес сите понудувачи доставија понуди врз основа на стандардизирани трансакциски и регулативни документи. Познато е дека во последната фаза финални понуди дадоа конзорциумот предводен од Унгарскиот телеком МАТАВ, кој е во доминантна сопственост на Дојче Телеком и Грчкиот ОТЕ. На отворањето на понудите присуствуваа претставници од двата понудувачи, секој од нив имаше можност да ја види понудата од другиот конкурентен понудувач, што е најважно и двата искажаа задоволство од целокупната спроведена постапка.

Значи, нема причини, ниту простор за било какви сомневања во транспарентноста на приватизацијата на македонски телекомуникации. Сепак, разбирлива е политичката злоупотреба на овие прашања од страна на опозицијата, затоа што се навикнавме да ја гледаме опозицијата како се спротивставува на сите постапки на Владата. Кој знае, може би во оваа пригода таа тоа го прави затоа што би сакала на свој начин да учествува во приватизацијата во Телекомот.Би сакал да нагласам дека и меѓународната заедница јавно потврди дека процесот беше професионално воден, професионално раководен и целосно отворен и транспарентен.

Деновиве во јавноста со голема помпа се најавуваат тужби против Владата на Република Македонија, а од судовите се бара привремена забрана на продажбата на Македонски телекомуникации. Ние сметаме дека ова се законски потполно неосновани барања и не можат да ја доведат во прашање успешноста на приватизацијата на 51% од акционерскиот капитал на Македонски телекомуникации.

Една од дилемите за продажба на Телекомот која се наметна во јавноста, е и судбината на вработените во Македонски телекомуникации и стравот да не ја изгубат работата, да не им се намалат личните примања. Според она што досега како претседател на Комисијата за приватизација на Македонски телеком што можам да Ви го кажам и што можевме да го видиме, двата понудувачи наведуваат дека ќе ја преземат обврската не само да го задржат постојниот број вработени во компанијата,туку да овозможат и извесен број на нови вработувања, особено на високо квалификуван млад стручен кадар, подобри услови за работа, социјално и пензиско

осигуруваше, стимулативни програми за вработените, исплата на бонуси итн. Исто така, од големо значење е и обврската за натамошната едукација на вработените, оспособување на стручен план во согласност со светските технолошки трендови во областа на телекомуникациите и соодветно зголемување на платите. Воедно, понудувачите ја поддржуваат идејата на македонски телекомуникации за изградба на едукативен центар во Охрид, од регионален телекомуникациски карактер. Што се однесува до вработените во Македонски телеком како се спротивставува на сите постапки на Владата. Кој знае, може би во оваа пригода таа тоа го прави затоа што би сакала на свој начин да учествува во приватизацијата во телекомот.

Би сакал да нагласам дека и меѓународната заедница јавно потврди дека процесот беше професионално воден, професионално раководен и целосно отворен и транспарентен.Деновиве во јавноста со голема помпа се најавуваат тужби против Владата на Република Македонија, а од судовите се бара привремена забрана на продажбата на Македонски телекомуникации. Ние сметаме дека ова се законски потполно неосновани барања и не можат да ја доведат во прашање успешноста на приватизацијата на 51% од акционерскиот капитал на Македонски телекомуникации.

Една од дилемите за продажба на телекомот која се наметна во јавноста, е и судбината на вработените во Македонски телекомуникации и стравот да не ја изгубат работата, да не им се намалат личните примања. Според она што досега како претседател на Комисијата за приватизација на Македонски телеком што можам да Ви го кажам и што можевме да го видиме, двата понудувачи наведуваат дека ќе ја преземат обврската не само да го задржат постојниот број вработени во компанијата,туку да овозможат и извесен број на нови вработувања, особено на високо квалификуван млад стручен кадар, подобри услови за работа, социјално и пензиско осигурување, стимулативни програми за вработените, исплата на бонуси итн. Исто така, од големо значење е и обврската за натамошната едукација на вработените, оспособување на стручен план во согласност со светските технолошки трендови во областа на телекомуникациите и соодветно зголемување на платите. Воедно, понудувачите ја поддржуваат идејата на македонски телекомуникации за изградба на едукативен центар во Охрид, од регионален телекомуникациски карактер. Што се однесува до вработените во Македонски телекомуникации нагласувам дека и тие ќе имаат корист од процесот на приватизација, бидејќи по неговото завршување ќе добијат околу 2% од акциите на компанијата, по поволни услови.

Парите од приватизацијата на македонски телекомуникации како што е познато, ќе бидат префрлени на посебна сметка на Народната банка на Република Македонија. Под мониторингот на Меѓународниот монетарен фонд овие средства со посебна програма ќе бидат користени за специјален цели, како што се инвестирања во инфраструктурата, развојни проекти, зголемување на девизните резерви на државата, како и плаќање на надворешните долгови на Република Македонија со што ќе се ослободат средства кои ќе бидат вложувани во стабилноста и просперитетот на македонската економија и зголемување на стандардот на нашите граѓани.

Цената што ја постигнавме во финалните понуди за приватизација на Македонски телекомуникации ги надминува очекувањата и ја одразува успешноста на процесот на приватизација кој беше објективен, отворен и транспарентен. Понудата од конзорциумот предводен од МАТАВ изнесува 708 милиони ДЕМ за 51% од акциите на Македонски телекомуникации и 500 милиони ДЕМ обврзувања за капитални инвестиции во 2001 и 2002 година, додека понудата на ОТЕ изнесува 732 милиони ДЕМ за 51% од акциите на македонски телекомуникации и 455 милиони ДЕМ обврзувања за капитални инвестиции во 2001 и 2002 година. Споредена со прелиминарните понуди за 51% од акциите на македонски телекомуникации кога МАТАВ понуди 650 милиони ДМЕ, а ОТЕ и Телеком Словенија понудија по 585 милиони ДЕМ, очигледно е дека во финалните понуди постигнавме значително зголемување на цената. Морам да нагласам дека прелиминарните понуди беа доставени врз основа на период на ексклузивитет за фиксната телефонија од 5 години, за разлика од финалните понуди кои се доставени врз основа на период на ексклузивитет од само 4 години.

Дами и господа пратеници,

Дали Владата на Република Македонија по приватизацијата ќе задржи влијание во Македонски телекомуникации?

Тука е најважно да се нагласи фактот дека Владата и понатаму има учество во Одборот на директори на

Македонски телекомуникации, вклучувајќи го и правото да го именува Претседателот на истиот, ако и значајни права на вето во врска со клучните прашања во Македонските телекомуникации и контрола врз прашањата од национален и безбедносен карактер. Конечно, Владата и понатаму останува сопственик на златната акција во Македонскиот телеком, која што ги штити стратешките и националните интереси.

И на крајот, сакам да потенцирам дека сите ние можеме само да ги согледаме предностите од приватизацијата на Македонските телекомуникации.

Меѓу другото тоа ќе значи проширување на телефонската мрежа, многу нови линии, подобар квалитет постоечките и воведување на нови услуги за корисниците, како и достапност на телефонските услуги и во најоддалечените рурални подрачја во нашата земја.

Почитувани пратеници,

Приватизацијата на Македонскиот телеком преставува најголемата странска директна инвестиција направена во Македонија поголема од сите други странски инвестиции во последните десет години. Исто времено, ова претставува знак за сите потенцијални инвеститори да дојдат во Македонија и да вложуваат во нашето стопанство. Во оваа смисла, како пример ќе ви цитирам дел од она што го кажуваат едни од понудувачите. "Во Македонската економија ние гледаме потенцијал таа да ставеа вистински лидер на економијата во регионот".

На меѓународен план приватизацијата значи подобрување на угледот на Република Македонија, подобра комуникација со меѓународниот капитал и влегување на нашата држава во она што современиот свет го нарекува современа, високо технолошки развиена економија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас би сакал да се консултирам нешто процедурално со вас пред да отвориме расправа.

Со оглед дека е свикана седница за расправа по Информација која еве денес ја слушнавме во усмена форма, би сакал да се консултирам со вас дали мислите дека е подобро да дадете пауза додека не го видиме стенограмот за да можеме да дискутираме по информацијата или мислите дека не треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе работиме до 15,45 часот, кога ќе дадеме пауза за ифтар. Потоа во 17,00 часот ќе продолжиме со работа. И утре ќе продолжиме со работа, само за утре ќе ви кажам на крајот како ќе продолжиме и кога ќе продолжиме.Според тоа, можеме да дадеме пауза од половина час, бидејќи излагањето е кратко и релативно брзо може да се добие текстот, да го имате пред себе, само под услов ако бидеме дисциплинирани и навистина за половина час да бидеме тука.

Пауза до 15,00 часот.

(Седницата не продолжи во 15,00 часот бидејќи не беше поделен материјалот - Експозе од министерот за транспорт Љупчо Балковски).

(Кратка напомена даде претседателот Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со седницата ќе продолжиме во 17,00 часот, во меѓувреме да се подели материјалот, да се прочита, а луѓето да одат на ифтар.

Материјалот задоцни, не е готов.

(Седницата продолжи во 17,10 часот).

Продолжуваме со работа.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

И во дискусијата на министерот за транспорт беше спомнато дека и Владата со задоволство ја дочека приликата да се расправа за оваа тема на Парламентот на Република Македонија. Јас така кажаната подготвеност ја прифаќам како таква, но не знам зошто Владата кога Ја почувствувала таквата потреба не предложила во претходниот период Парламентот да расправа по оваа тема, туку чекаше опозицијата да побара од претседателот на Собранието на Република Македонија по оваа тема претседателот да закаже седница на Парламентот на која ќе се расправа за оваа тема. Дури не можам да го сфатам однесувањето на претседателот на Парламентот кој, добивајќи ја таквата иницијатива од координаторите на пратеничките групи, пред новинарите изјави

дека во образложението не може да пронајде доволно причини за да закаже расправа по таа тема на седница на Парламентот. За да сега, денеска слушнеме дека имало доволно причини, имало потреба и добро е што се одлучи Парламентот да расправа Парламентот по оваа тема на денешната седница. Не е не често, туку напротив е најчесто кога има вакви активности во одделни земји во фаза на реализација, парламентите во тие земји дури да расправаат и низ фазата на реализација на зацртаниот проект приватизација на Телеком. Има повеќе такви примери и тоа е тој прав парламентаризам кој ја дава можноста таквиот процес да стане транспарентен процес, ја дава можноста таквиот процес да овозможи низ една парламентарна расправа, по можност, да се постигне меѓуполитички, меѓупартиски консензус за реализација на тој процес.

Има примери, на пример во Сојузна Република Германија кога Парламентот на Сојузна Република Германија низ фазата на реорганизација на Дојче Телеком која фаза започна некаде во 1981 година на повеќе наврати да расправа за реализација на таа фаза, дури имаше и пример во 1994 година по расправата за ваквата активност во врска со приватизацијата на Дојче Телеком се распадне коалицијата која до тогаш беше на власт, а министерот кој ја реализираше таквата постапка, да поднесе оставка. Тоа беше во Бундестагот и токму заради тоа јас не можам да сфатам, а најмалку да се согласам дека во претходниот период немало потреба и погодна прилика и пред оваа расправа за овие фази да се расправа за да се овозможи една транспарентност и да се приближат ставовите во врска со одвивањето на процесот на приватизација меѓу политичките партии.

Но, со оглед на тоа што опозицијата ја наметна оваа активност во Парламентот, тоа значи дека отсуствувала подготвеност кај позицијата до сега да се расправа за ваквата активност, а можам слободно да кажам дури и отсуствувала подготвеност да се приближат ставовите меѓу политичките партии, оние кои се на власт и оние кои се во опозиција за реализација на приватизацијата на Македонскиот Телеком. Тоа ме тера на една констатација дека позицијата бегаше од расправа по оваа тема поради фактот што во изминатиот период во фазата на финализација на приватизацијата не беа поставени целите кои треба да се постигнат со приватизацијата на Македонскиот Телеком, не беа поставени целите кои треба да значат или целта која треба да значи демонополизација на оваа сфера во Македонија или ако биле поставени тоа биле поставени цели во една потесна средина затоа што, барем до денеска, не се јасно прокламирани тие цели. Дури не се прокламирани тие цели и онаму каде треба да се прокламираат или каде требаше да се прокламираат до сега, а тоа е исполнување на обврската од член 5 од Законот за телекомуникации кој член обврзува Република Македонија да донесе стратегија за либерализација на телекомуникационите услуги во Република Македонија. Законот е донесен во април 1998 година, а од април до денеска јас немам сретнато таква стратегија која треба да претходи како норматив или како акт кој ќе ги утврди условите по кои треба да се реализираат ваквите и на вакви слични процеси. Тоа значи дека токму и заради тоа со оглед на тоа што отсуствува стратегијата не можеме, барем ние што не сме имале прилика, ако ја има да ја видиме таа стратегија, да ги извлечеме поставените цели кои Владата ги поставила пред себе со реализација на овој процес.

Инаку, околу процесот на приватизацијата сакам да искажам мое мислење со кое сакам да потврдам дека таков процес во Република Македонија треба да се реализира. Тоа е процес кој Република Македонија ќе ја уврсти во земји во кои се реализира една крупна активност и се демонополизира еден јавен сектор со воведување на пазарна економија која може само да биде еден додатен стимул за развој на вкупната пазарна економија во нашата земја.

Впрочем, јасни се и поставените директиви кои се извлечени од зелената книга донесена во рамките на Европската Унија во 1987 година, а кои поставени цели се преточени во соодветни документи кои ги обврзуваат земјите членки на Европската Унија за реализирање на вакви процеси во одделни земји и дури одеа до таму што го детерминираа крајниот рок кој беше поставен пред тие земји, а кој требаше да биде 1998 година со една толеранција спрема три земји тоа се Грција, Португалија и Ирска за кои е даден еден дополнителен период во кој треба да го реализираат процесот на приватизација на нивните телеком до 2003 година и во нивните земји да воведат потполна либерализација во оваа сфера.

Од таму, мислам дека јасно се гледа нашата заложба од претходно преземените активности во време кога Партијата СДСМ

беше во власта кои активности беа насочени кон реализација на сите предвидени фази кои треба да обезбедат крајна либерализација на телекомуникационите услови во Република Македонија. Согласен сум со тоа дека тоа е еден многу специфичен период во кој се започнати почетните активности и од кој период новата власт ја презеде таа ситуација од фаза на претпри-ватизација. Токму заради тоа и токму во трендовите кои ги спомнав, а кои се важни за пазарната економија во земјите со развиена пазарна економија, во Македонија се реализираа неколку фази кои беа нужни да се реализираат за да се дојде до фазата на приватизација, конечна приватизација на Македонски Телеком. Од таму познати ви се и на вас и на широката јавност процесите на одвојување на Македонски Пошти од Македонски Телеком, процес кој беше сериозен и кој требаше добро да се обмисли, бидејќи имаме крајно негативни примери во светот кои продуцирале многу проблеми со самата фаза на одвојуваше на поштите од телекомуникациите. Крајно поврзани, ако сакате и со финансиски тешкотии кои различни земји на различен начин ги разрешувале.

Познати се примерите во Германија која до 1998 година дотираше од Дојче Телеком за поштите на Германија една милијарда и 800 милиони долари секоја година за покривање на трошоците на работењето на поштите на Сојузна Република Германија.

Познати се примерите и во Швајцарија која во извесен период дотираше по 500 милиони американски долари секоја година за покривање на трошоците на поштата. Ние во Македонија тој процес го реализиравме со тоа што применивме соодветни методи кои беа квантифицирани во висина на потребите на Македонските Пошти и тоа реално проценетите потреби кои стоеја пред вработените за реализирање на таквата активност.

Понатаму, во претходниот период се реализира и фазата на корпоратизација. Тоа е термин кој опфаќаа изработка на целокупна регулатива или заокружуваше на целокупната регулатива од областа на телекомуникациите која треба да овозможи законски промени кои ќе му обезбедат на телекомуникацискиот оператор административна и финансиска автономија како акционерска компанија. Таа фаза исто така е изодена во Република Македонија за да се стигне до фазата на претприватизација во која фаза во Република Македонија се одлучи или оние кои одлучуваат одлучија да се издадат конвертибилни обврзници, како што спомна и министерот, на ИФС и ИНГ. Во оваа прилика сакам да кажам дури во една прилика реплициравме со господинот Данило Глигоровски на оваа тема, сакам да кажам дека тоа беа издадени конвертибилни обврзници кои имаа крајна цел да го зајакнат бонитетот на компанијата к со тоа да овозможат во компанијата и во Република Македонија да се реализира еден процес кој ќе биде транспарентен, ефикасен и кој ќе им овозможи и на овие финансиски институции на вложените средства да обезбедат свој профит, бидејќи тие за љубов пари не вложуваат.

Тоа беше исто така поврзано со крајната желба компанијата да постигне повисока цена од аспект на тоа дека во неа имаат свој капитал во вид на конвертибилни обврзници, компании, финансиски институции кои имаат и те како висок рејтинг на финансискиот пазар.

Тоа го реализира и до тука го реализира Владата на Бранко Црвенковски, како што милува господинот министер да ја споменува. Тој во својот настап именуваше Влада на Бранко Црвенковски и актуелна Влада. Можеше, ако оди по таа аналогија да каже Влада на Бранко Црвенковски и Влада на Љубчо Георгиевски. Но, тоа не е голема грешка, тоа се влади кои работеа, кои сработеа и кои добија оценка или ќе добијат оценка во идниот период за она што го сториле или она што ќе го сторат.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (продолжение)

Почитувани пратеници,

Во светот нема унифициран модел на реализација на процесот на приватизација, ниту пак има еден метод со кој што се реализира тој процес. Моделот на приватизација го избира соодветната земја, како резултат на претходни анализи што се прават во таа земја, врз основа на поставените цели што треба да се постигнат со приватизацијата. Во тие анализи, секако, се тргнува од состојбата во која се наоѓа националниот оператор од областа на телекомуникациите и неговиот рејтинг на меѓународниот пазар, претпоставениот рејтинг, врз основа на одделни параметри по кои се цени степенот на развиеноста на одделен телеком.

Оттаму, има повеќе примери и различни примери според кои се реализирани процесите на приватизацијата на телекомот, примери познати и што имаат

своја завршница во одредени земји, во кои завршници некои процеси завршиле со тотално фијаско. Во таквите земји или пред да се одлучи се прекинал процесот на приватизацијата или пак владите, што го реализираат тој процес, носат соодветни одговорности или секвенци. Примерот со Романија, каде што имаме реализација на еден процес што доведе до такви проблеми во таа земја што предизвикаат криза во Парламентот и пад на Владата. Меѓутоа, имаме пример во Бугарија каде што се издигна јавноста до степен на загреаност што придонесе да се реферира во реализација на тој процес. Го имаме примерот на Грција каде што Владата на Симитис во 1995 година, прва одлука што ја донесе беше забавување на процесот на приватизација. Пред малку го спомнав примерот на Германија, каде што тој период беше долг и во две фази. Како заврши во 1994 година. Дури има земји во светот кои за реализација на ваквите процеси распишале и референдум на ниво на изјаснување на граѓаните.

Оттаму се цени која е сериозноста на ваквиот процес или на ваквите процеси и таквите анализи на сопствените состојби треба нужно да се направат.

Имаме два понудувачи и јас ќе се обидам на кратко да ги презентирам активностите кај нив што претходеле и како завршиле. Едниот понудувач е МАТАВ, тоа е приватизиран Унгарски телеком во конзорциум со неколку свои партнери, што реализирал во претходниот период еден процес на приватизација во Унгарија што започнал на почетокот од ова десеттолетие, во 1992 година. Во моментов кога се реализирала првата фаза на приватизација во Унгарија препарација на ниво на земја била 8,2 на 100 жители. А, времето на чекање за добивање телефонски приклучок било 12 години.

(Дофрлање од место).

Еве, Флоровски вели дека имало и 30.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да дофрлате.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Се согласувам дека имало и 30.

Оттаму, тоа е почетната состојба од која што тргнал Унгарскиот телеком што сакал да обезбеди стратешки инвеститор за гарантирање трансфер на технологија и брз развој. Оттаму, Унгарскиот телеком сега во вид на МАТАВ успеал да се приватизира со 32%, во износи што ги спомна министерот, 32,6 некаде е 900 милиони марки, но истовремено обезбедил инвестициона активност во Унгарија во висина од 4 милијарди долари. Веднаш да спомнам во таа фаза не е приватизиран целиот Унгарски телеком, туку се оставени околу 29 области што во наредниот период извршиле приватизација по пат на меѓународна лицитација. На таа лицитација имал право да се јави и МАТАВ. Се јавил, но добил само 9 од тие области. Така што, кога зборуваме за пример на приватизација од типот на МАТАВ, мора да го имаме и тоа предвид.

Прашање е зошто МАТАВ се одлучил на таков вид приватизација? Затоа спомнувам да се дефинираат целите. МАТАВ се одлучил на таков вид на приватизација затоа што имал многу ниско ниво на развиен домашни национален, како сакате телеком што требал , со крупни вложувања да се развие. И денеска, ако сакаме да направиме една компарација помеѓу степенот на развиеност помеѓу МАТАВ и степенот на развиеност на Македонскиот телеком, тука се по степен на развиеност, изедначени се. Значи, тие постигнале една цел, тоа е обезбедување трансфер на технологија и динамизирање на инвестиционите активности во Унгарија.

Вториот понудувач е ОТЕ. ОТЕ, колку што знам е државна компанија. Ако грешам, тука ќе ме поправите. Значи, има краен толерантен период да се приватизира до 2003 година. Може во Македонија да се служи Македонскиот телеком да го купи државна компанија со степен на приватизираниот, доколку згрешам колегите ќе ме поправат, веќе реков, некаде 25%.

Овие примери ги спомнав да направам една компарација меѓу она што се реализира кај нас и она што се реализирало или не се реализирало во овие земји.

Општа констатација и наша и на меѓународните експерти е дека степенот на развиеноста на Македонскиот телеком ена високо ниво и по густина на телефонски претплатници на 100 жители, и по ниво на технологија вградено технолошки во постројките на Македонскиот телеком е телеком што се спроведува со телекомот на членките од Европската унија. Дури има членки на Европската унија кои не го имаат постигнато тој степен. Еве, Португалија, на пример. И на Португалија е даден еден дополнителен период до 2003 година кога треба да се реализира втората фаза од приватизацијата, бидејќи првата фаза на приватизацијата ја завршија по принцип на реорганизација на Португалскиот телеком.

Оттаму, се поставува, пред себе си го поставувам прашањето која беше целта

Македонскиот телеком да се продаде по пат на, како што се вели во терминологијата во оваа сфера, приватна продажба? Затоа што постојат два методи на продажба на телекомот. Едниот метод е метод на јавни понуди, а вториот метод е метод на приватна продажба.

Јавната понуда се врши со пласирање на сопственички дел на државата на берза, обично со издвојување на акции што се котираат на една од берзите признати и познати во светот. Додека приватната понуда значи приватизација на јавниот телефонски оператор што се врши со продажба на стратешки партнер и таа е, општо наречено приватна продажба и покрај тоа што процесот за избор на стратешки партнер, во заграда инвеститор, често се врши со јавен тендер на кој што тендери се јавуваат повеќе апликанти што конкурираат на такви тендери.

Значи, пред себе го поставувам прашањето дали во Македонија, приватизацијата на Македонскиот телеком требаше да се врши со метод на приватна продажба, преку избор на стратешки инвеститор, по пат на тендер што подразбира во себе трансфер на технологија? Затоа што во Македонскиот телеком трансферот на технологија е одамна извршен. Тој е реализиран. Ако се согласиме со тоа дека технологијата е на високо ниво и дека нема што нема од услугите во областа на телекомуникациите што ги нема во Македонскиот телеком, тогаш приватизација по пат на приватна понуда е прашање за кое што треба да се води дискусија.

Се наметнува прашањето дали приватизацијата по пат на издавање на акции на берза не ќе донесеше поголеми ефекти, со издавање на акции? Уште повеќе прашањето е по проблематично ако се додаде на тоа дека сопственичката структура на Македонскиот телеком не е до крај дефинирана. Најверојатно, граѓаните имаат право на еден дел од капиталот што го имале вложено во претходниот период, за кој што дел нужно би требало да добијат акции што имаат своја вредност. Дури тука ги спомнувам и ги вградувам и вработените кои во претходниот период, реализирајќи ја оваа дејност како претпријатие, во изминатиот период, остварувале акумулација, со која што акумулација се реинвестирало во компанијата. Тоа се поставува пред мене како дилема и за таа дилема мислам дека требаше да проговориме порано, а не ден пред носење на одлука од страна на Владата околу изборот на компанијата или конзорциумот што ќе биде сопственик на 51%, што како процент овде беше искажан од министерот. За тој процент министерот кажа дека со таков дел се постигнува поголема цена.

Не знам кои анализи, кои истражувања се извршени што покажале или ќе покажат дека со толкав процент се постигнува поголема цена во процесот или низ процесот на приватизација на Македонскиот телеком. Колку што знам повеќето телеком, особено во земјите во транзиција, приватизацијата ја изведувале во две фази или завршниот чин на приватизацијата се реализирал во две фази. Таков случај е кај МАТАВ, таков случај е актуелен и сега во Хрватска. Чешкиот пример е поинаков, но и таму има повеќе фази. А, најнегативните од типот на Естонија не ги ни спомнувам, затоа што тоа се договори за приватизација на националните тамошни телеком што се општо познат негативен пример во светот.При крај, од тоа што го добиваме како износ или што ќе го добие Република Македонија како износ не може да се детерминира дали целта на приватизацијата на телекомот била да се обезбеди дотур на финансиски капитал во Република Македонија или приоритет во таа цел била да се обезбеди трансфер на технологија со ангажирање на стратешки инвеститор? Бидејќи износите се тука, оттаму и тоа ми дава за право да се сомневам околу тоа дали имало цел на процесот на приватизација, бидејќи А - буква во реализација на ваквите процеси е целта на приватизирање на телеком и што од тоа ќе се добие.

Сакам, исто така, со министерот да полемизирам околу намената на средствата. Не навлегувајќи сега, затоа што јас не можам да проценам дали се доволно средства, дали се малку средства, дали можеше повеќе средства, тоа ќе се покаже идниот период, бидејќи тоа е што е постигнато и тоа се квантумите на износи што Република Македонија ќе ги добие. Вие, можеби намерно господине министер, по точка 5 ја ставивте намената на средствата за враќање на кредити или консолидација на надворешниот долг. Колку што знам, во Меморандумот што го имате потпишано со Светска банка и ММФ под точка 1 е таа намена. Додека Вие, под точка 1 ја ставивте намената на средствата за

инфраструктури активности или реализација на проекти од областа на инфраструктурата. Треба добро да се замислиме дали оваа држава има таква комоција дали граѓаните имаат таков социјален статус, дали граѓаните имаат таков стандард да оваа држава пред време влезе во откуп на своите долгови, дури и по дисконт по кој што се продаваат на Берзата во Базел? Дали не е поумесно да се обезбеди таква позиција пред Светска банка и пред Меѓународниот монетарен фонд, која што позиција ќе овозможи овие средства или со овие средства да се ублажат социјалните проблеми што ги тиштат граѓаните во оваа држава, а пред се тука мислам на една подинамична инвестициона активност, финансирање на профитабилни активности што можат да го интензивираат решавањето на проблемот, пред се со младите луѓе. Тоа е една обврска што стои пред Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Препорачувам да дадете отпор во разговорите со претставниците на овие институции околу нивните согласности во врска со трошењето на средствата, бидејќи на некој начин не е идентичен, но тоа ми личи на примерот кој што претседателот подобро го знае од мене, на Ирак во проектот нафта за храна, со кој што проект големите сили си ги наплатија побарувањата од Ирак, а малите, како што е и Македонија се уште чекаат на добри денови некаде во некоја далечна иднина да ги наплатат своите побарувања,кои што и не се така мали. Но, големите сили за своите компании преку таквите методи го реализираа тоа за што ќе ја бираат таа влада тамошна, на пример американската, или германската. Таа се бира за да овозможи наплата на побарувањата и успешни услови за работа на компаниите.

Оттаму, мојата сугестија е во таа насока, во врска со намената на средствата, затоа што вие кажавте дека ова е најкрупна инвестиција или странско вложување, странско инвестирање во Република Македонија. Нормално дека ќе е најкрупна, затоа што се продава најкрупен капацитет. Во сите земји кои што завршиле со процесот на продажба на телекомот, во таквите земји најкрупни инвестициони странски вложувања се добиените инвестиции по основ од продажбата на телекомот Така да тоа не е ништо посебно ни типично за Македонија, ниту пак со тоа треба да тврдиме дека низ тоа постигнуваме еден крупен успех кој што ќе ја рангира Република Македонија во редот на земји кои што имаат високо странско инвестирање во дотичната земја.

Јас би бил повеќе среќен паралелно со ваквите инвестирања да има повисоки и покрупни странски вложувања директно во економијата.

Еве, почитувани пратеници јас ги искажав моите дилеми кои што околу одделни процеси или одделни сегменти во реализацијата на процесот на приватизацијата сметав дека треба да се постават и на тој начин сакав и пред мојот исказ да се чуе во јавноста која активност е насловен како најзначајна активност во Република Македонија од која што веќе утре многу состојби во Република Македонија ќе се променат.

И за на крај спомнавте господине министер дека ќе има доста активности во ценовните облици, во делот на домашниот и во делот на странскиот телефонски сообраќај. Поставувам пред себе една сериозна опасност која што може да се случи бидејќи не знам дали тоа го имате регулирано во договорите како плафон на подигнување на цените. Се плашам да не се повтори романскиот пример и ако го имате регулирано тогаш во таквата насока сум за поблаго разнишување на сега воспоставените односи, затоа што знаеме по кој основ се формира вкупниот приход на македонскиот телеком и ако целите да ја промените структурата на формирањето на приходот тогаш тоа трајно ќе се одрази врз дополнително влошување на стандардот на граѓаните во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа во врска со денешнава седница односно Информацијата за продажба на македонскиот телеком јас сакам да изнесам свое видување со некои тези на опозицијата да полемизирам и на

крај да дадам свој став во врска со ова прашање, кое што предизвика доста полемики во јавноста и е прашање од висок политички интензитет, кое што е третирано без малку од секој граѓанин на нашата држава. Оваа седница е свикана по барање на опозицијата и според мене е сосема оправдано кога опозицијата ќе постави барање за дискусијата по било кое прашање што е од ваков интерес, или пак во одредени случај од понизок политички интензитет ние да се свикаме и да расправаме, што според тоа како јас ја разбирам државата, дефиницијата на институцијата во која што работиме е една нормална работа, нормално нешто за кое што ние сме тука. Ова прашање е од јавен интерес и мислам дека треба да му обрнеме посебно внимание и мислам дека е добро што опозицијата побара да разговараме.

А сега, накратко нешто во врска со процесот на приватизација на телекомот. Го следев излагањето на министерот и она што го фатив како прибелешка е дека процесот беше транспарентен, отворен, со задоволство на сите учесници што можевме да го видиме и од учесниците и од македонските медиуми односно можевме да заклучиме дека нема некој проблем кој што тајно стои позади приватизацијата или некаква мистификација која што ја доведува во прашање целата приватизација или пак кредибилитетот на Владата, или пак нас како законодавен дом. Јас се согласувам дека приватизацијата на македонскиот телеком е извонредно значајно прашање за надворешниот рејтинг,углед и имиџ на државата и за градење на доверба во процесот на приватизација кај нашите граѓани, кај политичките субјекти, токму со транспарентноста, објективноста и отвореноста, за која што како пратеник немам зошто да се сомневам односно немам во што да се сомневам затоа што се потпрам на моите сетила, посебно на видот и слухот. Она што го видовме и слушнавме ако сакаме да бидеме објективни води во таа насока.

Се поставува прашање од страна на опозицијата, кое што е доста експлоатирано дека овој процес ги загрозува македонските национални интереси, дека се делат провизии, дека Владата не води сметка за ништо во државата, дека е подготвена се да распродаде и дека оваа Влада е, она што го слушаме изминативе две години, најлоша од сите можни влади во постоењето на независна Македонија и дека едноставно не внимава на ништо што прави, ги запазува само личните интереси на учесниците на таа влада. Јас не би можел да се согласам со ова од причина што повторно се повикувам на тоа што е договорено, едноставно Владата обезбедува учество на ниво на Одборот на директори, Владата задржува право на вето, ја поседува златната акција и правото на вето може да го искористи кога станува збор за стратешки и национални интереси. Според тоа мислам дека нема зошто да се сомневаме дека Владата ако ги задржува овие можности и дека нема да ги искористи. Од таа гледна точка би сакал да дадам своја оценка, едноставно сите тие настапи што ги имаше опозицијата, без разлика дали е во Парламентот или надвор од Парламентот се настапи односно евтин политички маркетинг во кој што едноставно голата борба за власт доминира и се заборавaат токму од опозиционата страна македонските национални интереси, доведувајќи ја Македонија во позиција да надворешните фактори сметаат дека едноставно ние во државата не можеме на ниедно ниво, во ниедна институција или пак за ниеден национален интерес да имаме минимум консензус. Значи, да ги доведеме во прашање сите работи да го доведеме во прашање функционирањето на било што само за да се запази сопствениот теснопартиски интерес. Така се соочивме со опструкција, сведоци сме на невидено жестока кампања која што се води од сите расположливи средства. Опозицијата "пука" од сите калибри, ова сфатете го со ограда, немојте како воjнички термин да го разберете, тука пред се мислам на злоупотреба на сателитските придружни организации кои што ги има на располагање опозициониот СДСМ, која што не можам да ја оценам како борба за прекинување на процесот на приватизацијата на Телеком, туку како начин односно скалило како да се дојде на власт. Во таа насока јас би сакал, бидејќи сметам дека во една парламентарна работа, или во добро подготвен настап во Парламентот треба да се имаат и аргументи односно ако излегува како пратеник кој што се

согласува со приватизацијата, или ако излегувам како пратеник кој што доаѓа од страна на позицијата, или пак ако излегувам како пратеник кој што сака да спори со опозиционите ставови, сакаме да се повикаме на одредени работи, на одредени писанија, на одредени чекори кои што се евидентирани односно документирани во македонската историја, иако станува збор за поблиска историја, се уште не станува збор за документи кои што се објавени од Институтот за национална историја, меѓутоа, овие писанија сигурно еден ден ќе бидат достапни на Институтот и врз основа на тоа ќе се пишува историјата на Македонија од 1997 и 1998 година.

Дами и господа,јас овде имам за вас... (Покажува од говорница полна папка со документација) Не се плашете, нема да го злоупотребувам времето што го имам добиено за зборување на говорница, имам пред вас еден сет на писанија кои што се објавени во Нова Македонија, во Пулс и во Вечер во периодот од 1997 и 1998 година, а се во врска со приватизацијата на македонските телекомуникации.

За оние што заборавиле да потсетам дека 1997 и 1998 година на власт беше СДСМ, имаше своја Влада, имаше свој министер во денешниот ресор, имаше свој директор на Македонски телекомуникации и е меѓу другото до детали објаснето, јас нема да одам во детали да кажувам имиња, ќе се воздржам, едноставно до детали е објавен процесот на приватизација. Јас издвоив неколку писанија за кои што мислам дека се многу пластични и флагрантно можат да ни го доближат примерот околу тоа како тогашната власт на денешната опозиција градела свој став околу продажбата на Телекомуникациите. Ова го правам од проста причина затоа што сметам дека оние кои што на овој начин се изјаснувале пред две до три години можат, меѓутоа е недозволиво, политички можат, меѓутоа, етнички е недозволиво да изигруваат камелеони пред македонската јавност, пред македонските гласачи и да се прогласуваат за светци и единствени заштитници на македонските национални интереси, затоа што станува збор за изјави, станува збор за интервјуа, станува збор за пишување на новинари блиски до власта во тоа време, кои што нема да ги именувам, меѓутоа ќе ви дадам датуми и ќе ви ги дадам весниците за да можете вие да ги прочитате, а ако сакате ќе ви го доставам и материјалот да си го исфотокопирате и едноставно да бидеме малку пообјективни. Сметам дека можам тоа да го направам затоа што во прашање е македонската јавност која што деновиве се повикува на граѓанска непослушност, се повикува на бунт, некои партии повикуваат на подигање на тужби за да се сопре продажбата на телекомуникации, а ако не се лажам имаме и тужба од правното биро на СДСМ, извинете ако не го погодив правилно насловот на бирото, но дека има тужба од тоа ваше биро мислам дека е повеќе и од јасно, која што ја водите како партија. Тоа значи дека можам да ви се обратам....

(Уфрлување на некои пратеници од место).

Не, мислам дека не е политбиро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека си зборува слободно пратеникот што има збор.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Благодарам претседателе.

Значи, мислам дека не станува збор за политбиро, не знам дали интерно така се вика, но јас разбрав дека се вика правно биро на СДСМ. Тоа сега води спор за сопственоста на Телекомуникации, меѓутоа ќе издвојам неколку писанија за да видиме што се пишувало во време на Владата на СДСМ, како се гледало на приватизацијата на Телеком. Текстот се вика "Најскапоцениот камен во круната" од 21.02.1997 година објавен во Фокус. Текстот завршува: "Ова што е случува во моменти кога владиниот кабинет влегува во постапка на оценка на причините за многу лошата партиципација на странскиот капитал во македонската економија. Со добрата реализација на овој проект работите можат да тргнат по саканиот правец". Мене не ми останува ништо друго туку да заклучам дека владиниот кабинет сака да го приватизира Телеком. Да не ве замарам, да не одам во многу долга експозиција на текстовите, меѓутоа морам уште нешто да ви доближам.

1997 година 30 октомври, текстот се нарекува "Дом Перињом", објавен во Пулс. Значи, сега Владата се

надева и на свои екстра поени пред македонската јавност или на екстра активности од парите што ќе ги добие од Телеком. Во меѓувреме целата ова телекомуникациска епизода ќе има и свои споредни споредби, меѓутоа исто така исклучително важни финансиски отклони. Како што дознава Пулс минатата недела бил постигнат конечниот договор меѓу македонскиот премиер, по тоа време господинот Црвенковски беше премиер кој што го нема денеска да присуствува на оваа седница и гувернерот на Централната банка за искористување на значително парче од овие телекомуникациски долари за формирање на долго најавуваната Матмес банка за поддршка на македонскиот извоз". Значи вие сакате да ги искористите парите, имавте конкретни проекти и сега јас можам единствено да заклучам дека болката не е во тоа што ќе се приватизира македонскиот телеком, ама кој ќе ги користи парите. Всушност финансиската партиципација во формирањето на банката ќе биде само дел, во секој случај битен од владината програма на која што се работи за искористување на доларите од приватизацијата на Телекомот. Значи, нема никаков сомнеж дека доларите ќе се искористат и дека некој сака да го приватизира Телеком. Тука има 30-тина, 40, можеби и 50 текстови кои што се пишувани како ќе се искористат парите. Морам да ви кажам дека не најдов ниеден ред, ниедно зборче на критика дека се продава најскапоцениот камен во круната на државата, златното јајце, најпрофитабилната фирма и дека едноставно поради тоа што се продава некој ќе ги украде парите, или затоа што се продава македонскиот телеком се загрозени македонските национални интереси.

Јас сакам едно прашање да и поставам на опозицијата и да полемизираме тука, а можете и да не ми одговорите. Како можете да ги доведувате македонските национални интереси во прашање кога го продава оваа Влада Телекомот, а да не ги доведувате кога ги продаваше вашата Влада? Како можете да ги доведувате во прашање провизиите односно криминалот да го туркаат во секоја цена напред кога владее оваа Влада за разлика од вашата Влада? Има милион примери, ако сакате ќе зборуваме колку проценти од македонското стопанство или од благото односно од богатството на Акедонија вие го приватизиравте, па не се сеќавам дека бевте доблесни да изјавите дека имало криминал, а криминал, еве во стилот на една изјава на претседателот на Собранието "криминал имаше".

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека доаѓам до една клучна работа, кога зборуваме за приватизацијата на Македонските телекомуникации, барем според моја проценка.

Исто така, се води кампања во јавноста дека Македонските телекомуникаци им припаѓаат на сите граѓани, дека во времето на социјализмот сите сме вложувале, па сега да си бараме дел назад да ни се врати, кои се тие од оваа Влада да ја приватизираат, да ги приватизираат Македонските телекомуникации, па тоа е наша пот, ние 50 години го создававме Телеком. Меѓутоа, не знам зошто, а уверен сум нарочно заборавате некои работи кои ги направи Вашата Влада. Во принцип не сакам да префрлуваме наша - ваша Влада, или пак да си дозволувам да влезам во ризик со тоа што ќе зборувам за некои претходни времиња да дојде некој од вашите дискутанти, па да каже вие ги добивте изборите и немате право сега да се жалите, вие сте сега единствени виновници. Меѓутоа, дозволете ми да поставам неколку прашања. Во принцип секогаш кога дискутирам и поставувам прашања на кои не одговарате - мала дигресија, би поставил прашање за досието минатиот пат, никој од Вас не се огради како пратеници кога зборував. Значи, во принцип не сакате да одговарате на тоа, но не значи дека и ние не можеме да ги поставуваме прашањата, па нека си одговори македонскиот гласач. Станува збор, кога зборувам за претходниот период, со сите огради од ризикот што можете да ја свртите дискусијата дека тоа е период за кој не треба да дискутираме, една според мене круцијална работа која можевте да ја направите ако бевте толку многу заинтересирани за македонскиот гласач, ако бевте толку многу заинтересирани за македонскиот граѓанин или пак ако сакате за македонските национални интереси.

Текстот во "Вечер" од 18 декември 1997 година "Пререгистрација - основа за приватизација", вели "онака како што беше договорено со Европската банка од Лондон која влегува во предприватизациониот процес на Македонските телекомуникации, Владата на својата последна седница донесе одлука за трансформација на ова претпријатие од јавно во акционерско друштво, кое ќе биде во државна сопственост". Ова мислам дека е клучниот момент кога господата од СДСМ и нивната коалициона Влада со сите учесници од тоа време создадоа можност да се приватизираат Македонските телекомуникации и во тоа време не размислуваа како што денес се претставуваат, за македонскиот гласач, македонскиот граѓанин, парите вложени 50 години во приватизацијата, за она за кое денес раце ќе испокршите само за да допрете до македонскиот гласач. Мислам дека дилемата е расчистена, Вие го направивте тоа со намера да ги приватизирате Македонските телекомуникации, што не е спорно од моја страна. Секаде во светот практиката покажува дека Телекомуникациите се приватизираат посебно во посткомунистичките земји. Оваа приватизација ќе донесе многу пари или вкупно ќе донесе повеќе пари од целата приватизација до сега што е работена, а со овие огради што ги поставивме, право на вето од страна на Владата за заштита на стратешките интереси "златна акција", мислам дека не се доведува до прашање ниту еден стратешки национален интерес.

Значи, можеме да заклучиме дека едноставно СДСМ или опозицијата прави маркетинг кој според мене не е издржан. Јас Ви го оправдувам маркетингот, Вие имате потреба да излезете со нешто пред македонскиот гласач. Нормално е да му го кажете на македонскиот гласач она што сака да го слушне, дека Вие ќе му дадете пари, Вие ќе ги зачувате македонските национални интереси, дека она што се продаваше 50 години еве Вие сега да сте на власт не би го продале. Меѓутоа, да се повикаме на примери. Ако се повикаме на она што го пишува во весници како извор од Владата, а знаеме "Пулс" во тоа време чиј беше и ако се повикаме на конкретни чекори што ги преземала Владата, едноставно станува збор за подготовка за приватизација, а денес станува збор за еден прост врисок да не се приватизира овој Телеком и за да не може да се искористат парите во македонската економија. Јас не знам зошто да не се сомневам, односно зошто да се сомневам во намерите на Владата, а впрочем претпоставувам дека и Вие ќе бидете доволно агилни па ќе соберете од 1999 и 2000 година списанија, па претпоставувам дека ќе ги соберете и сите изјави на сите челници и на Владата, министерствата и Македонските телекомуникации и дека врз основа на нив ќе можете да ги прозивате или да ги повикувате на одговорност луѓето кои го направиле ова, доколку ја има. Меѓутоа, во спротивно предлагам таа гола реторика, тоа форсирање на сопствената егоцентрична нарцисоидност да го прекинеме, затоа што не мора и не е позитивно и не Ви носи никаков поен центарот на светот да го проектирате кај себе и во тој центар на светот да се гледате самите себе си како најубави и најумни. Едноставно некои интереси одат и над нашата партија, и над Вашата партија и мислам дека можам слободно реторички да злоупотребам некои Ваши моменти, чекори и однесувања, па да Ве прогласам за антиреформски, не сакате приватизација, па да Ве поткрпам со тоа дека не доаѓате постојано на гласање за Законот за одбрана и да Ви набројувам ред примери во кои се инаетите како мали деца. Меѓутоа, тоа денес нема да го направам. Едноставно ќе Ве повикам да се потсетите на она што беше, да се потсетите на тоа како беше во Ваше време и мислам дека не го направив тоа злонамерно или инаетчиски, го направив тоа за да Ви дадам на Вас во предвид некои работи кои што сте ги заборавиле многу брзо, да му дадеме можност на македонскиот гласач уште еднаш да се потсети на некои однесувања. Мислам дека политичките чекори од пред две три години не треба толку лесно да се забораваат. Конечно, да престанете да не прозивате за македонски национални интереси,распродажба, туку ако сакате да зборуваме за македонски национални интереси, да се свикаме аргументирано и без инаетење да дојдеме и да ги искристализираме, бидејќи тоа е сигурно нешто што нам ни недостасува, но тоа не е момент кој што

треба да го злоупотребувате во време на приватизација на Македонските телекомуникации.

Од моја страна, мислам дека бев доволно јасен, приватизацијата треба да се заврши поради доброто на македонскиот народ. Се надевам дека парите нема да завршат, како што некој сака злонамерно да каже, во туги џебови, односно во приватни џебови, дека нема да се испокараат, дека брзо ќе го почувствуваме ефектот, парите ќе одат на посебна сметка и сигурно ќе може да бидат лесно поверливи каде завршиле тие пари. Гледаме дека меѓународниот фактор едноставно ги набљудува овие работи. Сигурно нема ние како некои каубојски да се одлучиме од државата да направиме салун, како што тоа опозицијата сака да направи и конечно да се заврши овој процес кој што сигурно ќе има позитивни ефекти за македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од повеќе пратеници ми доаѓаат прашања до кога ќе работиме вечерва. Можеме да работиме, согласно тоа што ни најавуваат обврските, најдоцна до 18,45 часот. Значи, ќе продолжиме утре во 12,00 часот, но во 12.00 часот на 21 декември, утре, ќе имаме посебна седница која ја закажав по барање на претседателот на Републиката, која ќе трае најмногу 40 - 50 минути, а потоа ќе продолжиме со денешната седница.

За збор се јави господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Ќе се обидам да бидам релативно краток. Во моето излагање ќе се задржам на два моменти. Имено, сакам да продискутирам за некои политички моменти, значи политички аспекти во првиот дел, а во вториот дел за некои економски ефекти во однос на приватизацијата на Македонските телекомуникации.

Би сакал да започнам со деновиве поднесената тужба што ја најави СДСМ во врска со Самоуправната спогодба за здружен труд, според која граѓаните вложувале средства во Македонските телекомуникации. Оваа работа, на некој начин, според мене ми личи дека конечно СДСМ се сетил на народот и сега вели - а каде се сега интересите на народот, кога станува збор за Македонските телекомуникации. Значи, конечно се сетивте и преку правните механизми се обидувате да издејствувате нешто за народот. Меѓутоа, некои од работите кои ги кажуваше и претходниот говорник ќе се обидам да ги избегнам, да не ги повторувам, но некои од работите во однос на таа политичка тежина, дека сега се сетивте на народот, а само пред две - три години воопшто не се сеќававте, тогаш донесувавте други одлуки, баш сакам да ги прочитам. Има интересна статија која беше цитирана, меѓутоа, јас ќе цитирам еден друг дел за првото утринско кафе на тогашниот министер за сообраќај Димитар Бузлевски со лондонските банкари, во кое била изразена обострано задоволство за претстојната приватизација на Македонските телекомуникации. "Ниту Самоуправна спогодба, ниту права на граѓаните што и како ќе остваруваат итн."

Друга работа во однос на тоа дали сега се сеќавате на народот или постојано сте мислеле на народот е законот што го донесовте во 1998 година, објавен во "Службен весник", тоа е Законот за Македонските телекомуникации. Многу е интересен членот 84 од постојниот закон кој мора да го применуваме, меѓутоа тогаш на Ваш предлог беше донесен, каде се вели: "Владата ќе го приватизира Јавниот телекомуникациски оператор преку продажба или пренос на дел или на сите свои акции во една или повеќе трансакции ..." Интересно е како предвидовте да се приватизира овој Јавен телекомуникациски оператор. Еве ги начините на кои вие предвидовте како да го приватизирате.

"1. Директно преговарање меѓу еден или повеќе меѓународни финансиски институции и нивни коинвеститори". - Значи предвидовте дека може директно да се спогодите.

"2. Затворен тендер во кој е вклучено пред квалификациона постапка или учесници и една или повеќе фази на доставување на понуди.

3. Било која друга комбинација на директно спогодување и постапка на затворено тендерирање.

4. Јавна понуда".

Значи, тогаш планиравте некои од тие модалитети да искористите. Модалитетот според кој се приватизирани Македонските телекомуникации на јавноста и е многу добро познат: потполна транспарентност со повик на кој што прво во "офанејшл тајмс" на кој што прво се јавија шест, од нив три се откажаа, па продолжија три понатаму, на крајот еден се откажа од тие три и останаа само два конкуренти. Значи, Вие во тоа време дали мислевте на Самоуправната спогодба за правата на граѓаните или мислевте за модалитетите на кој начин, па дури и со директна спогодба да се договорите и да го продадете Телекомот. Ги вградивте елементите, не се случија, меѓутоа, ги вградивте во законот.

Би сакал да потсетам на натписите и насловите во тоа време кои сегашната опозиција тогаш како влага ги презентираше. Имено фалејќи го унгарскиот урнек на приватизација и дека македонската приватизација на Телекомот ќе биде многу слично на унгарскиот урнек. Меѓутоа, во еден од текстовите има идно обраќање или потсетување на опозицијата во тоа време. Јас навистина сум горд што тогаш нешто што било изјавено од ВМРО-ДПМНЕ и тогашната ЛДП на некој начин овие две години како што се спроведуваше во програмата за работа на Македонските телекомуникации, јас сум член на Управниот одбор и ја следев работата, практично тоа што тогаш опозицијата го кажала на некој начин сега во овие две години ние го остварувавме. Тогаш ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП ја истакнале дилемата дали треба да се продава претпријатие кое носи пари, меѓутоа, со една напомена како што се вели во написот "во моментот во тек е модернизација на телекомуникациски систем во нашата земја кој финансиски е речиси заокружен а со негово завршување треба да се активираат околу 150.000 нови телефонски приклучоци". Ако ја погледнете развојната патека на македонските телекомуникации за овие две години и ако видите колку е зголемен бројот на претплатници и во мобилната и во фиксната телефонија, практично тоа што тогаш опозицијата го кажала овие две години се работеше во Македонските телекомуникации и навистина резултатот од тоа, ако погледнете колку тежеле Македонските Телекомуникации и ако погледнете сега за колку се продава, ќе видите дека со таква работа на оваа држава и сегашната продажба од 51%, најмалку двојно се зголемува профитот односно, колку добива од добиените понуди од странските инвеститори, значи, можам само да истакнам едно јавно задоволство дека уште тогаш нешто што било кажано визионерски, на некој начин при работата на менаџерскиот тим било остварено за доброто и на Телеком и на Република Македонија.

Овде би завршил со политичкиот дел на обраќањето во однос на оваа логика дали се сеќавате на народот сега за самоуправните спогодби или мислевте и тогаш кога бевте на власт. Само за едно потсетување, дали се сеќававте на еден дел од народот, тоа се пензионерите, кога приватизиравте 70% од претпријатијата, им дадовте ли нешто или им земавте 8%? Дали се сетивте на девизните штедачи при приватизацијата на тие 70% од претпријатијата, дали им дадовте или им земавте, да не даде господ, по 100 марки за погреб им дававте, меѓутоа, сега како што е предвидено народот сега да ги види бенефициите од оваа приватизација, мислам дека многу скори ќе се видат тие резултати.

Во однос на економските аспекти би сакал да напомнам дека во многу написи што ги имам овде се кажува бројката што тогаш сте ја планирале, македонската држава планирала да инкасира околу 300 милиони долари. Меѓутоа, тогашната вредност на доларот беше 1,6 марки, а сегашната вредност на доларот е 2,1 марки. Марката споредена со еврото е 1:2. Така што она што сега е постигнато околу 1.400.000.000 марки и целокупната понуда навистина далеку ги надминува вредностите кои тогаш Вие сте ги очекувале. Значи, тоа е првиот дел од таа економска логика и таа се базира и е тесно поврзана со вториот дел, дека во моменти кога нешто е највредно, па дури и онаа логика на обичниот човек кога сака да продава автомобил, тој ќе го среди за да биде максимална неговата вредност за да го продаде. Значи, на некој начин таа логика дека во моментов нашиот Телеком навистина добро котира, не

треба да се испушти. Впрочем и во излагањето на министерот беше кажано за таа работа или таа грешка што ја направија во Унгарскиот телеком, за поголем процент на продадени и после две години помалку добиле отколку кога ги продале иницијалните акции. Значи, едноставно моментот треба да се почувствува и треба да се реагира.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:** (продолжение)

Имаше кажано само една, за жал дискусија на која што можам да се обратам кон опозицијата, меѓутоа, дали е вклучена развојната компонента, развојниот момент во оваа понуда. Бидејќи беше кажано дека Македонскиот телеком просто нема што не може да понуди. Во овој момент во констатација на мобилната и фиксната технологија односно телефонија на двата преноси од АСД врските, навистина, Македонскиот телеком има современа опрема.

Меѓутоа би сакал да потсетам од најновите аукции на Британската влада и на Британската влада што се случија, едното заврши во април , а другото не знам некаде летото заврши по однос на концесии за фреквенции. Најновите технологии, третата генерација на мобилни телефони ЈУЕНТИЕС така наречени технологии, Британската Влада концесиите ги продаде за 33 милијарди долари , концесиите на некои оператори што беа за интересирани, а Германската за 45 милијарди долари ги продаде, затоа што беа заинтересирани. Меѓутоа, погледнете кои беа играчите кои се трка, за да влезат на тој пазар, односно за да ги освојат тие фреквенции. Тоа се ВОДАФОНД, ДОЈЧЕ ТЕЛЕКОМ, ФРАНС-ТЕЛЕКОМ, ЛУСЕН ТЕХНОЛОЏИС, НОРТЕЛ, ОРИНЏ, ТЕЛЕФОНИК инт, што значи тоа се огромни мултинационални компании. Тие ја имаат технологијата што во овој момент Македонски телекомуникации, ја нема. Третата генерација на тип на телекомуникации.

Ние како држава ако играме паметно, како држава ако привлечеме странски капитал од некое големо име, со што ни се гарантира дека тие технологии ќе влезат и кај нас, утре или другиден Македонската држава повторно може само од продажба на фреквенциите, на концесијата повторно да заработи. Значи, тука ја гледам економската логика зошто моментот е навистина правиот, за да ја оствариме оваа продажба.

Имам уште поголем број на некои економски логики, и политички, меѓутоа во интерес на времето , гледам дека сите колеги сме заморени, јас би прекинал и благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас она што мислев го кажав во мојот настап и ако внимателно се следеше мојот настап тука, ќе се добиеше сознание дека станува збор за еден континуитет кој што се одвива повеќе години наназад и кој што се реализира во повеќе фази. Од таму не гледам ништо спорно ако тогашните задолжени во тогашната Влада работеле на презентација на процесот на приватизација на телекомот надвор од Македонија, кој што процес и тогаш го имавме оценето како една активност која што крајно ќе резултира со интензивно вклучување на РМ во меѓународната поделба на трудот на меѓународните пазари. И, заради тоа, мислам дека ги објаснив сите претходни активности, а тие беа во три потфази кои се реализираа , а кои што беа предуслов за финализирање на процесот на приватизација. Во рамките на тоа не гледам ништо што треба да се забележи на опозицијата што тогаш таа имала таков период во поглед на реализација на една реформа и во јавниот сектор , која што реформа крајно би резултирала со крупни финансиски ефекти и видоизменета амбиент за економско стопанисување во РМ. До толку тоа кафе го гледам како кафе што беше во таква насока, со таква цел и мислам дека ако не беше тоа, не ќе можеше да се реализира една фаза, која што сега се реализира. Но, јас истакнав дилеми кај мене, кои што и сега ги истакнувам. Во врска со поставените цели пред Владата за приватизацијата на телекомот, дилема во врска со востановените модели по кои што се приватизира телекомот и најмногу во врска со методите по кои што се продава телекомот.

Тоа се три различни работи кои што се испомешаа и во едната претходна дискусија и оваа последната, кои ги истакнав како дилеми присутни

на еден крајно коректен начин, кој што има цел пред Македонската јавност да ги понуди сите можни опции, кои што беа и се за жал сега веќе не, присутни за реализација на овој процес.

Оттаму, не може никој да приговори во овој момент дека тогашната позиција, а сегашна опозиција имала погрешен приод во врска со реализација на процесот за приватизација, дека тој приод ја обврзал сегашнава Влада да воведе ваков процес да реализира, туку напротив таа тогашна Влада дефинитивно нема донесено одлука за методот и моделот на приватизација. Тоа значи дека има кажано најмалку 33%, тоа е внесено и во Меморандумот со Светска банка, но тогаш во таквите околности и се рачунаше процентот да биде 33%. Јас овдека кажав сакам да слушнам кое е објаснувањето дека , поопширно објаснување по однос на она што го. . .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поминаа пет минути од вашата реплика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во однос на она што го имавме прилика да го чуеме од воведот на министерот дека 51% сразмерно со 35% е поефикасна продажба. Тоа сакам да го чујам и таа дилема е присутна. Инаку, имате г-дин Глигоровски проблем околу цифрите во врска со доларите. Таа апроксимативна вредност која што тогаш беше презентирана во одредени медиуми, 300 милиони долари, се однесуваше на 33% и без мобилна телефонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави премиерот г-дин Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани парламентарци, навистина, сметам дека е многу добро што отворивте парламентарна расправа околу една таква значајна точка како што е приватизација на Македонскиот телеком. И, верувајте, дека нема подобар начин на девитрификација на сето она што го слушавме и читавме деновиве, освен преку отворена парламентарна расправа, да ги кажеме сите наши аргументи.

Токму затоа, јас ќе се задржам на неколку сегменти на оваа тема за која денеска зборуваме, приватизација на Македонскиот телеком.

Прво, зошто приватизација? Има многу аргументи да одговориме зошто приватизација, меѓутоа тука ќе се задржам на неколку од нив.

Прво, најубавите аргументи и мислам дека одговори на прашањето зошто приватизација произлегуваат од самата тогашна власт СДСМ а денешната опозиција, што многу добро илустративно ја опиша тогашниот потпретседател, г-динот Димитар Бузлевски, што јас апсолутно сето она што тој го кажа во својот прв дел и говор, максимално го поддржувам, затоа што тоа е прилог кон прашањето односно одговор на прашањето зошто приватизација.

Вториот момент, г-динот Филип Петровски ни понуди тука едно добро купче на коментари од тогашните весници. Во сите тие коментари до едно се вадени стотици аргументи зошто приватизација на Македонскиот телеком, така што можеме слободно да ги читаме сите тие аргументи зошто приватизацијата е почната, а во меѓувреме се појавија уште неколку аргументи, како што се следните , да речеме.

Прво, во тоа време кога е отпочната приватизацијата, монополот на Македонскиот телеком бил околу 7 или 8 години, денеска после најновата спогодба за асоцијација со ЕУ тој монопол падна на 4 години. Тоа што значи? Дека ако во овој момент не го продадеме Македонскиот телеком, ние можеби ќе се радуваме на плодовите, јас можам да ги кажам дека ние како Влада немаме проблем по 120 до 150 милиони марки профит секоја година да делиме како дивиденда и да ги земаме како Влада, меѓутоа, сите заеднички треба да го поставиме прашањето што со Македонскиот телеком после четири години кога тој монопол ќе биде укинат и кога Македонската држава, односно Македонскиот телекомуникациски систем ќе биде нападнат буквално од сите земји. Едноставно, оној кој денеска се залага против приватизацијата, треба да ја земе и одговорноста дека овие убави згради што ги гледаме на Македонскиот телеком, тогаш едноставно ќе останат голи згради, затоа што очигледно веќе во нив нема да работи никој.

Вториот момент, зошто приватизација во овој момент е фактот кој произлегува повторно од преговорите на претходната Влада, дека ние веќе од 1 јануари оваа година мораме да влеземе во тендер односно за давање на концесија за

втор мобилен оператор, што значи дека веќе кон крајот на идната година, ние ќе имаме сериозен конкурент на нашата мобилна телефонија. Тоа значи таму каде што досега беше најголемиот профит, ние ќе имаме тешка конкуренција и јас ќе бидам односно навистина ќе го поставам под знак прашање колку нашиот телеком, колку и да се добри нашите менаџери , ќе издржат, да речеме едно влегување на било која компанија од страна. Значи, веќе кон крајот на идната година можеме да очекуваме преполовување на профитите во мобилната телефонија.

Третиот момент е моментот дали РМ со скинувањето на монополите, не само на Македонија, туку и на соседните земји, сака да биде субјект или сака да биде играч на тој пазар. Не е тајна дека еден од конкурентите, како што е, да речеме ДОЈЧЕ ТЕЛЕКОМ кој учествува на тендерот на мобилна телефонија, една од целите зошто влегува во РМ е нескриена. На пр, монополот на телефонијата во Грција паѓа од почетокот на идната година и тие се подготвени од Македонска територија да ја нападнат Грција, а понатаму и другите соседи, зависно која година која ќе го симне својот монопол. И, може да ни се случи спротивно. Кога кај нас ќе падне монополот на статичната и мобилната телефонија, нашите соседи ако меѓувреме влезат со нови технологии, да ја нападнат РМ. Значи, ова е моментот во кој ќе изведеме стратешки инвеститор со кој ќе можеме да ги напаѓаме другите пазари околу нас или ќе бидеме субјект каде што ќе напаѓаат другите мобилни оператори , а ние едноставно ќе бидеме само неми посматрачи.

Третиот момент е оној што многу малку се зборува во РМ а ми се чини г-динот Данило Глигоровски многу убаво го опиша односно оној кој што можеше да го разбере. Ние се уште не можеме да сфатиме дека технологијата оди со светлосни години и дека пред нас е третата генерација на технологија, т.н. безжична телефонија. Во овој момент таа е во многу експериментална фаза, меѓутоа веќе експериментите се далеку. Еве, ние кога бевме во Шведска видовме конкретни примери на безжична комуникација. На саемот во ЕКСПО исто така беа покажани конкретни примери на безжична комуникација. Сите очекувања се дека за три години во светот безжичната комуникација веќе ќе стане секојдневие, како што е денеска мобилната телефонија. Тоа што значи буквално' Буквално тоа значи без ниеден кабел, без ниедна зграда може на вашиот пазар да влезе секој оној кој е технолошки подготвен да влезе на тој пазар. Токму тие фреквенции за кој зборуваше г-динот Данило Глигоровски, она од што ние треба да се плашиме и ако немаме доволно технолошко високи играчи од кои ќе се одбраниме, ние едноставно повторно ќе го доведеме прашањето на монополот со телекомот со неговата егзистенција. Значи, тоа се плус аргументите од оние аргументи кои СДСМ ги имаше во времето кога ја почна приватизацијатана телекомот.

Второто прашање, транспарентноста на процесот.

Почитувани дами и господа, транспарентноста на процесот е една од темите која овој пат многу се игра и се вратени и за тоа ќе кажам, неколку аргументи. Над една година, можеби една и пол година процесот на приватизацијата се водеше во времето на СДСМ. Целиот процес се води некаде околу 3,5 години и убедливо нема подобар пример на транспарентна приватизација, подолга и со процедури запазена од овој пример на македонскиот телеком. Има и дополнителни аргументи. Сите, сите значајни правно-формални акти за трансформација и овозможување на приватизацијата на македонскиот телеком се направени во времето на СДСМ, што многу добро го опиша господинот Бузлевски. Јас тоа овде не го прифатив како критика во неговата дискусија, туку само како дополна на аргументацијата зошто треба да се направи оваа приватизација.

Третиот момент, консултантската куќа, која го води процесот на приватизација, јас ќе потенцирам почитувани пратеници, дека консултантската куќа која го води процесот на приватизација од првиот ден до последниот ден е онаа истата која ја избра претходната влада на СДСМ. Точно е дека ние се мислевме на неколку пати дали да го смениме консултантот, токму таа идеја победи, дека ако го сменевме консултантот, дека тогаш ќе беше просторот за критики поголем. Токму заради тоа ние се задржавме во целиот процес на приватизација да ја води фирма консултантнска која ја избрал СДСМ. Јас морам да кажам дека за мене беше многу впечатливо прегрнувањето која преѓеска го направија господинот Бузлевски и господинот Саркер, претседателот на консултантската куќа, пред неколку часа овде во македонскиот парламент, што јасно зборува за нивното пријателство и за комуникацијата, која СДС оваа консултантка куќа ја има многу добро (реагирање од пратениците), мислам дека тоа е големината

на нашата демократија. Не го зборувам тоа како критика, туку напротив тоа е еден аргумент повеќе дека транспарентноста е голема. Јас ќе кажам уште еден дополнителен пример.

Во преквалификацијата кога се јавија 6 фирми пред Владата на Република Македонија да ги дознае имињата на шесте фирми кои се јавија во процесот на преквалификација, портпаролот на СДС господинот Бучковски излезе на Пресконференција кои 6 фирми се јавиле на преквалификација. Тоа беше изненадувачки факт за Владата на нашата коалициона Влада, меѓутоа, тоа беше факт. СДС знаеше пред Владата кои шест фирми се јавиле во предквалификацијата. Така што, тешко може да каже дека транспарентноста, процедурите и сето она што произлегува од тоа на некому му биле забранети или биле водени со некои сомнителни постапки.

Конечно, приватизацијата на македонскиот телеком претходната Влада го почна со еден многу конкретен финансиски чин, кога ги зема средствата од ИФЦ и од ИНГ, некаде околу 50 милиони долари, со што практично почна пред приватизацијата. Тоа беше некаде пред изборите во 1998 година и вие знаете дека тоа беше објавено како влез на странските инвестиции во Македонија. Тоа беше само еден дел од тогашното 280-милионско доларско задолжување на Република Македонија, меѓутоа, факт е дека тие 50 милиони долари Владата на СДС ги потроши во таа предизборна кампања. Не знам, дел влезе во некоја банка, друг дел отиде за учебници, третиот, не знам, се купи пченица пред изборите, тогаш се намалија цените за малку на лебот, така што веќе ние во колачот наречен приватизација на македонскиот телеком имаме учество убаво од 50 милиони долари на СДС кон средината на 1998 година. Така што, да не зборуваме дека тоа е сега влезено во аранжманите со ММФ, во договорите со ММФ и во сето она што произлегува.

Така, денеска доаѓаме до одговор на сите прашања зошто приватизација на македонскиот телеком и дали треба да продолжиме или да застанеме во таа приватизација. Позицијата на Владата е дека едноставно треба да се продолжи, а тука доаѓаме и до последното, не од друго, туку од едноставна причина, ако ние во овој момент ја запреме приватизацијата на македонскиот телеком, верувајте дека ќе бидеме одговорни за судбината на македонскиот телеком во период од 3 до 4 годи ни, затоа што конкуренцијата на која сме осудени е работа од која нема бегање.

Конечно, сега, цената. Дали е постигната добра или лоша цена. Според двете понуди кои ги имаме, а тие две понуди се следниве, горе-доле, според пресметките 708 милиони марки од МАТАФ плус 500 милиони германски марки гарантирани во двете идни години и 732 милиони марки од ОТЕ и плус 455 милиони марки гарантирани инвестиции во идните две години. Јас навистина можам во секој момент да ја бранам тезата дека и двете понуди било од која да биде избрана или препорачана од Комисијата дека ги задоволува максималните цени за продажба на македонскиот телеком.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Според листата, од 12-13 приватизации кои ги имаме во Источна Европа, ми се чини дека тоа е трета или четврта цена според телефонска линија постигната по пазарни цени, при што морам да кажам дека првите се оценети со монопол од 8 години. Да речеме МАТАВ кој има околу две илјади долари, за разлика , ние околу 1300 долари, кога се продавал, се продавал со монопол од 8 години. Ние се продаваме со двојно пониски монопол, значи со монопол од 4 години. Така што и тие аргументи треба да ги имаме предвид.

Кога зборуваме за средствата, јас само ќе го потенцирам следното: Очигледно според нас тоа е врвот што може да го постигне македонскиот Телеком, и можам да ги кажам кои се бенефициите што Македонија ќе ги добие од приватизацијата на овој Телеком.

Покрај , над 700 милиони марки кеш, независно , од едната или од другата инвестиција, кои треба да ги добиеме на 11 јануари што ќе значи најголем прилив од било кога , на финансиски средства во оваа држава, ние добиваме гарантирани од 450 до 500 милиони марки директни инвестиции во Македонскиот Телеком, во идните две години. Токму тоа е она што го зборуваме, влегуваме во технолошката борба, да можеме на максимално технолошко ниво да го дигнеме Македонскиот Телеком и потоа да влегуваме од овде во соседните држави, па и пошироко во освојувањето на другите пазари. Меѓутоа тоа не е се.

Нешто за што не се спомна денес, ми се чини, или барем не го видов е , 50-те милиони долари кои ги зема Владата на СДСМ,ако не ја направиме приватизацијата ќе мора оваа држава да ги врати во текот на оваа година. Значи со тоа ние ќе ставиме

дополнителен товар на сите граѓани во Македонија затоа што ќе мораме краткорочно да враќаме 50 милиони долари, она што претходната Влада не задолжи во средината на 1998 година, а во таа насока е и спротивниот аргумент на денот кога ќе го приватизираме Македонскиот Телеком по иста цена тие се подготвени во акции да го претворат овој кредит. И конечно заедно со овие обврски новиот инвеститор се задолжува да преземе 50 милиони марки актуелни долгови на Македонскиот Телеком. Така што сумата која е понудена од инвеститорите, се зголемува со 50 милиони марки кои се актуелни долгови на Македонскиот Телеком, а новиот инвеститор ќе ги преземе на своја сметка. Тоа значи и помало задолжување на Република Македонија.

Третиот аргумент кој мораме да го спомнеме, во функција на таа финансиска релаксација е околу 2%, кои најверојатно бесплатно ќе ги подели преку акции на вработените или пензионираните од Македонскиот Телеком, што верувам дека ќе предизвика дополнително задоволство кај сите кои работеле во македонскиот Телеком.

И четвртиот момент кој исто така уште во овој момент сакам да го најавам е, после приватизацијата, кон крајот на јануари ние се подготвуваме некаде околу 10% односно 140 милиони марки во акции да ги понудиме слободно на берзата во Република Македонија и старите девизни штедачи да можат слободно да купуваат од тие акции. Значи дека ќе задоволиме една голема структура на стари девизни штедачи, со некаде 140 милиони марки купување на акционерите.

Петтиот момент е околу сопственоста и разни судски одлуки.

Јас можам слободно да кажам дека овие судски процеси кои денес почнуваа во Македонија не се невообичаени. Тие се почнати и во Хрватска и во Србија. Меѓутоа ниту во Хрватска ниту во Србија судовите ги немаат запрено процесите на приватизација, туку напротив, ова е јасно, ако судот одлучи дека тие илјада марки на граѓаните кои вложиле во македонските телефони, треба да ги добијат. Имаме ние 49% од акциите кои можеме во втора фаза да им ги поделиме на тие граѓани. Така што оваа Влада, морам да кажам, по тоа прашање нема некој негативен став, ако македонските судови, а верувам дека македонскиот суд ќе има координација и со хрватскиот и со српскиот , а верувам тоа прашање утре ќе се отвори и во Словенија. Каква ќе биде заедничката одлука, таа одлука ние ќе ја почитуваме. Меѓутоа ,тоа не е прашање кое треба посебно да не оптоварува во овој момент.

И конечно, мислам дека тука е главното прашање. Имено прашањето не е зошто приватизација или не приватизација. Тоа прашање СДСМ го одговори пред две и пол години. Прашањето е која Влада да ги троши парите од таа приватизација. Јас тука морам да кажам дека тие над 700 милиони марки, покрај многу долгови што ги наследивме, сигурно ќе бидат една од добрите работи што оваа Влада ќе може како шанса да ги искористи. Она што можам да го ветам во овој момент е дека програмата за трошењето на тие пари ќе биде направена во тесна соработка со ММФ и со Светската банка. Состојбите во овој момент горе долу стојат вака:

Една третина од средствата ќе бидат потрошени за враќање на странски долгови со високи камати. Значи релаксирање на сите наши генерации кои доаѓаат после нас. Повторно правиме нешто за идните генерации. Една третина ќе бидат за внатрешни долгови, вклучувајќи ја и поткрепата на вториот столб во пензискиот систем. Инаку по правило ние требаше да се задолжиме со странски кредити за тоа. Во оваа ситуација не се задолжуваме со странски кредити, туку со дел од тоа ќе ја гарантираме безбедноста на пензискиот систем, а верувам, ќе направиме и екстра враќање кон пензионерите . И третата третина, значи некаде околу 230 милиони марки ќе бидат вложени во проекти кои ќе бидат повторно специјално гледани и одобрувани со Светската банка. така што сметам дека трошењето на парите, мене ми е јасно дека предизвикува завист кај одредени опозициони структури. Меѓутоа, заради трошењето на парите ние не смееме да го доведедуваме во прашање процесот на приватизација затоа што навистина сметаме дека Македонскиот Телеком стратешки ќе го загрозиме, ќе го ставиме во една многу незгодна ситуација.

На крајот навистина жалам што оваа седница, поради многу оправдани причини и жални причини не беше одржана вчера и денес скоро да беше завршена за да веќе утре Комисијата имаше еден јасен став и од Македонскиот парламент. Меѓутоа јас сум уверен дека оваа дискусија навистина е добронамерна, дека сите дискусии што ќе бидат дадени воведе ќе бидат добронамерни и ние ќе дојдеме до еден конечен резултат, а тоа е да го избереме правиот партнер на Македонскиот Телеком, оној кој ќе гарантира навистина технолошка битка на

Македонија со соседите и со останатите европски земји.

Транспарентноста можеме во секој момент да ја поставиме. Сите прашања околу транспарентноста сме спремни да ги одговориме затоа што навистина стоиме цврсто зад Комисијата односно зад консултантот кој ги штитеше интересите на Република Македонија за целото време. И длабоко сме уверени, уште еднаш , дека цените кои се понудени се највисоките цени кои во овој момент можат да се понудат за нашиот телекомуникациски систем. Еве ова е мој прилог кон оваа дискусија. Верувам дека пратениците исто така ќе ја примат добронамерно и позитивно.

Благодарам.

(Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ќе прекинеме со работа.

Ве молам утре во 12.00 часот да бидеме во сала, да можеме навреме да почнеме со седницата на која претседателот на Републиката ќе му се обрати на Собранието, а веднаш потоа продолжуваме со оваа седница.

Ве молам притесните на едно од копчињата.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).